АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 22.12.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 4629 | 1 | |


# Предвремени избори за градоначалници на Општина Пласница и Општина Штип

# ИЗВЕШТАЈ
## за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања

во периодот од 21 ноември до 10 декември 2020 година

## ВОВЕД

Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите е подготвен врз основа на обврската од член 76-д став 7 од Изборниот законик, во која е утврдено дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) е должна на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк, до Државната изборна комисија (ДИК) да достави Извештај за платено политичко рекламирање на радиодифузерите.

Извештајот се доставува пред исплатата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање (ППР), од страна на ДИК, со средства обезбедени од Буџетот на државата, исклучиво наменети за финансирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) за објавување платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

Податоците во Извештајот се добиени преку мониторинг на емитуваното платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, направен во согласност со обврската на АВМУ од член 76-в став 10 од Изборниот законик, да воспостави целосен мониторинг над радиодифузерите што ќе емитуваат платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес. Дополнително, сите податоци се проверени низ постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите. Имено, во согласност со член 76-д став 8 од Изборниот законик радиодифузерите се должни, во врска со емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања, во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк, до АВМУ да достават извештаи за реализирани услуги, што пак, Агенцијата треба да ги потврди во рок од 5 дена од доставувањето.

Постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги Агенцијата ја уреди во посебен акт - Упатство за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година. Во него беше утврдено дека АВМУ ќе ги потврдува извештаите само врз основа на мониторинг врз емитуваното платено политичко рекламирање.

Оттаму, заради организација на овој мониторинг, радиодифузерите беа задолжени да ја информираат Агенцијата за склучените договори за ППР со учесниците во изборниот процес, и да достават скениран примерок од секој од добиените медиа планови за емитување ППР.

Оваа комуникација меѓу Агенцијата и радиодифузерите се одвиваше исклучиво електронски, преку посебната адреса на електронска пошта izbori@avmu.mk востановена од Агенцијата исклучиво за оваа намена.

Право на емитување платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Предвремените избори за градоначалници на Општина Пласница и Општина Штип имаа само радиодифузерите што беа регистрирани во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) што го води ДИК. Рокот за упис во Регистарот беше три дена од денот на распишување на изборите (член 75-ѓ став 6 од Изборниот законик). Вкупниот број на регистрирани радиодифузери за емитување ППР беше 13, од нив 11 телевизии и 2 радија.

Времетраењето на вкупното платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма кај радиодифузерите и неговата распределба меѓу учесниците во изборната кампања, е определено во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик. Бидејќи секој изборен процес има свои специфики, со цел обезбедување прецизни правила за дозволеното времетраење на платеното политичко рекламирање на реален час емитувана програма, Агенцијата на 17.11.2020 година, по спроведена јавна расправа, донесе Упатство за платеното политичко рекламирање за Предвремените локални избори 2020.

Во Упатството за платеното политичко рекламирање беше појаснето дека поради тоа што на Предвремените локални избори 2020 не учествуваат кандидати од двете најголеми политички партии од опозицијата, радиодифузерите наместо 9 минути, може да емитуваат најмногу 5 минути платено политичко рекламирање на реален час, од кои, за кандидатите од двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија освоиле најмногу гласови, можат да одвојат најмногу 4 минути, а за останатите кандидати за градоначалници вкупно 1 минута.

Имајќи ја предвид одредбата од Изборниот законик, распределбата на времето меѓу 7-те учесници во изборната кампања беше организирана на следниов начин:

- Најмногу по 2 минути на реален час имаа кандидатот за градоначалник од СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА-СДСМ и кандидатот за градоначалник од ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА–ДУИ;

- Вкупно 1 минута на реален час делеа кандидатите за градоначалници од: ИНТЕГРА–Македонска конзервативна партија, КОАЛИЦИЈАТА ИДНИНАТА ВО НАШИ РАЦЕ, ГРУПА ИЗБИРАЧИ–ТРАЈЧО МИТЕВ, Движење за национално единство на Турците–ДНЕТ и ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ-ТМРО. Притоа, секој од овие учесници можеше да закупи и вкупно 1 минута на реален час, доколку не постоеше заинтересираност од другите кандидати за градоначалници.

Агенцијата и во овој изборен процес остана отворена за сите прашања и дилеми кои ги имаа радиодифузерите околу емитувањето на платеното политичко рекламирање и потврдувањето на извештаите за реализирани услуги.

Од регистрираните 13, вкупно 8 радиодифузери емитуваа платено политичко рекламирање во оваа изборна кампања. На сите нив, Агенцијата на 16 декември 2020 година им ги потврди извештаите за реализирани услуги кои се совпаѓаа со наодите од мониторингот.

За време на изборната кампања не беше констатирано прекршување на правилата за емитување платено политичко рекламирање.

## КЛУЧНИ НАОДИ

Договори за емитување платено политичко рекламирање со учесниците во изборната кампања за Предвремените локални избори 2020 година склучија 7 телевизии, од кои 5 национални (ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ 21-М, и ТВ 24 Вести) и 2 регионални (ТВ Стар и ТВ М Нет-ХД) и 1 национално радио (Канал 77).

Во периодот од 21 ноември до 10 декември на програмата на телевизиите и радиото беше емитувано платено политичко рекламирање во вкупно траење од **6 часа 27 минути и 51 секунда** од кои: за Сашко Николов/СДСМ – 05:00:54, за Лазар Наумов/ТМРО – 00:19:47, за Симон Поликарп–Џими/Интегра–00:18:00, за Трајчо Митев/независен кандидат–00:18:30, за Гоце Анѓелов/Коалиција Иднината во наши раце – 00:18:10 и за Алија Јахоски/ДУИ–00:12:30.

Од седумте телевизии кои емитуваа платено политичко рекламирање за време на изборната кампања во вкупно траење од **5 часа 8 минути и 35 секунди**, учесниците во кампањата најмногу време закупија на двете регионални телевизии ТВ Стар (02:11:50) и ТВ М-Нет ХД (00:48:17) на кои беа емитувани рекламни спотови од кандидатите за градоначалник на Општина Штип.

Националните телевизии во оваа изборна кампања емитуваа ППР во помал обем и ниедна од нив не надмина вкупно време на емитувано ППР од 40 минути. Четири телевизии кои беа дел од регистарот на ДИК воопшто не склучија договори за платено политичко рекламирање за оваа изборна кампања.

Канал 77, единственото радио кое емитуваше платено политичко рекламирање склучи договори со три кандидати за градоначалници на Општина Штип и емитуваше ППР во вкупно времетраење од **1 час 19 минути и 16 секунди**. Најголем дел од вкупно емитуваното време беше закупено од кандидатот од СДСМ, Сашко Николов (01:04:19).

Од двајцата кандидати за градоначалник на Општина Пласница, само кандидатот Алијан Јахоски од ДУИ, одлучи да се рекламира само на ТВ 21-М преку еден рекламен спот со времетраење од 15 секунди. Вториот кандидат за градоначалник на Општина Пласница не закупи рекламен простор на програмите на телевизиите и радијата. Петте кандидати за градоначалници во Општина Штип склучија договори со 6 телевизии и едно радио и на различни начини одлучија да ги презентираат своите програми пред гласачите.

Независниот кандидат Трајчо Митев како и кандидатот на ИНТЕГРА, Симон Поликарп–Џими, закупија простор за ППР само на регионалната телевизија ТВ Стар. За независниот кандидат Трајчо Митев се емитуваше еден спот во времетраење од 30 секунди, додека пак за Симон Поликарп–Џими се емитуваа повеќе различни спотови во траење од 60 секунди.

Кандидатот на СДСМ, Сашко Николов имаше најобемна медиумска кампања и склучи договори со 5 телевизии и едно радио. Најдолгиот рекламен спот му беше со времетраење од 81 секунда.

Кандидатот Лазар Наумов од ТМРО закупи простор на програмата на 4 телевизии и едно радио на кои се емитуваа спотови во времетраење од 23 секунди и од 60 секунди.

Кандидатот на коалицијата Иднината во наши раце–Гоце Анѓелов склучи договор за емитување на ППР со Канал 77 каде што се емитуваше спот со времетраење од 15 секунди, и со три телевизии, каде беа емитувани рекламни спотови со времетраење од 11 секунди.

Податоците за емитуваното платено политичко рекламирање се претставени во табелите во продолжение. За секој медиум е регистриран и архивскиот број на потврдениот извештај за реализирани услуги од страна на Агенцијата.

| ТЕЛЕВИЗИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ Алфа<br>Извештај бр. 03-4529/1 од 14.12.2020 | ТВ Канал 5<br>Извештај бр. 03-4524/1 од 14.12.2020 | ТВ Телма<br>Извештај бр. 03-4522/1 од 14.12.2020 | ТВ Компани 21-М<br>Извештај бр. 03-4530/1 од 14.12.2020 |
| ИНТЕГРА – Македонска конзервативна партија | | | | |
| СДСМ | | 00:35:47 | 00:35:15 | |
| ДУИ | | | | 00:12:30 |
| Коалиција ИДНИНАТА ВО НАШИ РАЦЕ, ДЕМОКРАТИ И МАКЕДОНСКА ОБЕДИНИТЕЛНА РЕФОРМСКА ОРГАНИЗАЦИЈА – РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА СКОПЈЕ | | 00:01:50 | 00:00:48 | |
| ГРУПА ИЗБИРАЧИ – ТРАЈЧО МИТЕВ | | | | |
| Движење за национално единство на Турците - ДНЕТ | | | | |
| ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ - ТМРО | 00:03:49 | 00:01:28 | | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **00:03:49** | **00:39:05** | **00:36:03** | **00:12:30** |

| ТЕЛЕВИЗИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ 24 Вести**<br>Извештај бр. 03-4520/1 од 14.12.2020 | **ТВ СТАР**<br>Извештај бр. 03-4521/1 од 14.12.2020 | **ТВ М Нет-ХД**<br>Извештај бр. 03-4531/1 од 14.12.2020 |
| ИНТЕГРА – Македонска конзервативна партија | | 00:18:00 | |
| СДСМ | 00:35:06 | 01:26:12 | 00:44:15 |
| ДУИ | | | |
| Коалиција ИДНИНАТА ВО НАШИ РАЦЕ, ДЕМОКРАТИ И МАКЕДОНСКА ОБЕДИНИТЕЛНА РЕФОРМСКА ОРГАНИЗАЦИЈА – РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА СКОПЈЕ | | | 00:04:02 |
| ГРУПА ИЗБИРАЧИ – ТРАЈЧО МИТЕВ | | 00:18:30 | |
| Движење за национално единство на Турците - ДНЕТ | | | |
| ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ - ТМРО | 00:01:55 | 00:09:08 | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **00:37:01** | **02:11:50** | **00:48:17** |

| РАДИЈА | |
|---|---|
| Нарачател<br>на платено политичко рекламирање<br>(ППР) | РА Канал 77<br><br>Извештај бр. 03-4554/1 од 15.12.2020 |
| ИНТЕГРА – Македонска конзервативна партија | |
| СДСМ | 01:04:19 |
| ДУИ | |
| Коалиција ИДНИНАТА ВО НАШИ РАЦЕ, ДЕМОКРАТИ И МАКЕДОНСКА ОБЕДИНИТЕЛНА РЕФОРМСКА ОРГАНИЗАЦИЈА – РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА СКОПЈЕ | 00:11:30 |
| ГРУПА ИЗБИРАЧИ – ТРАЈЧО МИТЕВ | |
| Движење за национално единство на Турците - ДНЕТ | |
| ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ - ТМРО | 00:03:27 |
| **Вкупно емитувано ППР** | **01:19:16** |